Источниот плански регион преку магистралниот пат А-3, делница Велес-Штип-Кочани- Делчево-граница со Република Бугарија се поврзува со Коридорот 10 и со Република Бугарија. Регионалниот пат кој минува низ Пробиштип и Кратово, претставува главна врска со Коридорот 8 и Североисточниот плански регион. Преку магистралниот пат Штип-Радовиш- Струмица се поврзува со Југоисточниот плански регион и со Република Бугарија преку граничниот премин Ново Село.

Предметната локација во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево се наоѓа во источниот плански регион, северно од градот Берово, односно покрај магистралниот пат помеѓу Делчево и Берово. Локацијата е на потегот од градот Пехчево до градот Берово. За изведба на проектот потребна е изградба на соодветна инфраструктура на планински терен.

Предметната локација во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево е на 12 км воздушна линија од постојната ТС 110/Х kV Берово, 21 км воздушна линија од постојната ТС 110/Х kV Пехчево и на 0.5 км од 110 kV далекувод ТС Пехчево – ТС Берово.

5.2 Геолошки карактеристики на теренот

Во геолошки поглед, подрачјето на општината Пехчево е изградено од разновидни по старост и состав карпи. Во централниот дел, голема површина зафаќаат плиоцените седименти (20,9%) настанати со таложење во некогашното езеро кое постоело пред неколку милиони години на овие простори. Голема површина имаат и современите делувијални и пролувијални наноси и седименти (18,2%) во подножјето на планините. Истите се многу неотпорни и лесно подложни на механичко дробење, плакнење и друго што е причина за силните ерозивни процеси.

Планинските делови по рамката на општината (Влаина и Малешевски Планини) претежно се изградени од многу стари прекамбриумски и рифеј-

камбриумски карпи. Тоа се повеќе видови на гнајсеви (14,2%), микашисти (4,9%), кварц-хлорит-серицитски (2,9%) и епидот-хлорит-амфиболски шкрилци (8,1%). Во градбата на овие планини, а особено на Бејаз Тепе, значително учество имаат и метадијабази (10,7%), метагабро (3,6%) како и повеќе вариетети на гранити (9,5%). Помеѓу Буковиќ и Кадиица има поголеми маси на многу цврсти терциерни вулканити-кварцлатити (2,3%) кои се поврзани со одредени рудни појави.

Најголем дел од општината Пехчево ја чинат карпи со слаба отпорност кои учествуваат со речиси 80% во вкупната површина. Тие се застапени во понискиот дел на општината, каде теренот е оголен, под пасишта или културна вегетација и каде антропогеното влијание е големо. Тоа е една од главните причини за појава на силна ерозија, свлечишта, наноси од поплави и други природни непогоди. Од друга страна, овие карпи се добри хидроколектори, односно акумулираат голема количина вода, поради што областа е богата со подземна (изданска) вода на различна длабочина.

5.3 Сеизмички карактеристики

Во однос на тектониката, подрачјето на општина Пехчево е пресечено со цел систем од раседи, долж кои се ограничени околните хорстови (Влаина, Малешевски, Бејаз Тепе) од дното на Беровската и Делчевската котлина (депресија). Од раседите, најзначајни се активните неотектонски структури и тоа Беровскиот расед со правец југозапад-североисток и Пехчевско-звегорскиот регионален расед кој минува меридијански покрај подножјето на Влаина. Беровскиот расед кој продолжува кон Кресна во Бугарија, сеизмички е најактивен и заедно со помалите пресечни раседи ја формираат Пехчевската (поточно Пехчево-Кресна) сеизмогена зона или жариште. Иако земјотресите овде не се многу чести, нивниот максимален интензитет може да биде доста голем.

5.4 Климатски карактеристики

Климата на општина Пехчево е континентална со умерено топли лета и студени зими. Преку лето климата е доста пријатна, често и свежа особено во шумските планински подрачја. Како резултат на присојните (јужни) експозиции, осончувањето е подолго од онаа во Берово и изнесува околу 2450 часа годишно. Температурите се движат од -25°C во зимскиот период до преку 30°C во месеците јули и август, меѓутоа многу ретко надминуваат 35°C. Врнежите изнесуваат околу 600-700 мм годишно и главно паѓаат во месеците мај и ноември. Во зимскиот дел од годината тие се во вид на снег, особено во повисоките планински подрачја. Воздухот е доста чист, свеж, а во шумските делови има голема концентрација на кислород, поради што делува терапевтски како „воздушна бања“. На подрачјето на општината Пехчево има десетици слаби, но студени слабоминерални извори. Дел од нив се зафатени за чешми и за водоснабдување. Речната мрежа се состои од околу 100-тина водотеци (со вкупна должина е 540 км), главно периодични или повремени и со пороен карактер. Најдолги водотеци (подолги од 10 км) на подрачјето од општината се: Брегалница, Желевица, Пехчевска Река, Панчаревска Река и други. Поројните водотеци пак, за време на силни врнежи предизвикуваат излевање од коритото, поплави, ерозија и натрупувања на наносен материјал, а во тој поглед особено е карактеристична Желевица. Пехчевска Река која во некогаш била проблематична, во втората половина на минатиот век е многу добро уредена особено низ градот Пехчево. На подрачјето на општината нема езера, освен

поголеми локви во највисоките делови на Малешевските Планини во близина на Ченгино Кале.

Општите податоци и климатски услови за локацијата се следни:

- Максимална температура + 45ºC
- Минимална температура - 40ºC
- Релативна влажност на воздухот ≥ 90%
- Надморска висина до 1000m
- Максимална брзина на ветер 140 km/h
- Сеизмичка активност IX degree MSC
- Сончева радијација 1830 kWh/m^2

5.5 Хидролошки карактеристики

Геолошкиот состав, климата и вегетацијата условуваат на територијата на општина Пехчево да има голем број на извори, меѓутоа со мала издашност. Најчесто станува збор за обични или слабо минерални контактни извори, а термоминерални извори речиси и да нема. Според податоците од топографските карти, должината на речната мрежа во општината Пехчево изнесува 545 km, вклучувајќи ги постојаните и повремените водотеци.

6. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИ ЧИНИТЕЛИ КОИ СЕ РЕЛЕВАНТНИ ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ И ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ

Начинот на употребата на земјиштето во рамките на проектенот опфат е условена од создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата. Тука пред се, се мисли на чинителите од демографски стопански, економски и сообраќаен аспект. Со добрата сообраќајна врска, демографскиот раст и развој, економскиот раст на производството, се развива малото стопанство и потребата од изградба на нови и проширување на постојните капацитети, како и стварање услови за планирање на организирани простори на градба кои ќе бидат реализирани од страна на корисниците на земјиштето. Ова условува потреба од нови опфати со вакви содржини кои го детерминираат начинот на употребата на земјиштето во рамките на планскиот опфат.

Анализата на постојната состојба покажува дека предметниот локалитет е неизграден. Евидентирани се постојни пристапни патишта со површина од 5632,55 м^2 или 0,56%.

Вкупно 100,49 ха или 99,44% од површината на планскиот опфат е неизградено земјиште.

Со искористувањето на електрична енергија преку поставувањена фотоволтаични електрани ќе се воведе стабилност во снабдувањето со електрична енергија, пред се во индустријата што ќе доведе до економски развој на сите региони во Република Северна Македонија. Производството на електрична енергија ќе придонесе за сигурност во снабдувањето, ќе донесе дополнителен извор на енергија и можност за раст на индустријата во одредени области. Исто така ќе донесе и нови инвестиции кои се поволни за државата. Можноста за изградба на фотоволтаични електрани и во преостанатите соседни земји може да придонесе за економски бенефит на целиот регион.

6.1 Архитектонско градежни чинители

Просторот што е предмет на инвентаризација е составен од 1 (еден) дел, чија граница е определена според граница на катстарски парцели. Делот од планскиот опфат содржи повеке катастарски парцели. Делот од планскиот опфат и катастарските парцелите се нумерирани (обележани).

6.2 Демографска анализа на постојната состојба

Во рамките на планскиот опфат нема објекти со намена домување, а со тоа нема жители на Општина Пехчево во овој дел.

6.3 Социо-економски чинители

Во планскиот опфат е инвентаризиран неизграден простор, кој со својата планирана основна намена носи силен инпут на економијата на Општина Пехчево.

6.4 Податоци за заштитено културно наследство

Иако сме се обратиле со Барање за добивање на податоци и информации до Министерството за култура на РСМ – Управа за заштита на културното наследство, до денес не е добиен релевантен податок.

6.5 Податоци за зелен катастар

Според инвентаризацијата на дадениот опфат постои неуредено ниско зеленило.

6.6 Водовод и канализација

Според податоци и информации од надлежната институција на дадениот плански опфат нема постоечки инсталации.

6.7 Електроенергетски чинители

Според добиените податоци и информации од МЕПСО – Скопје (бр. 11-2026/1 од 30.03.2023 год.) предметниот плански опфат се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО (110 kV далекувод).

Според добиените податоци и информации од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје (бр. 10-22/4-55 од 23.03.2023 год.) предметниот плански опфат се пресекува со 10-20kV надземна мрежа.

6.8 Сообраќај

Релевантниот регионален патен правец за предметната локација влегуваат во групата на регионални патишта "P1" и е со ознака:

P1302 – (Делчево-врска со А3-Пехчево-Берово-Дабиле-врска со А4).

При планирање да се почитува законот за јавни патишта. Предметната локација се наоѓа вон зона на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред.

Сообраќајниот пристап до планскиот опфат е од постоечки неасфалтирани локални патишта кои водат до предметната локација.

Иако сме се обратиле со Барање за добивање на податоци и информации до Јавното претпријатие за државни патишта, до денес не е добиен релевантен податок.

6.9 Телекомуникациски чинители

Од надлежните институции Македонски Телеком АД, А1 и АЕК се побарани податоци и информации за постоечка инсталација и во одговорот на Македонски Телеком АД Скопје (бр. 50675 од 21.03.2023 год.) стои дека на предметниот плански опфат нема постоечки инсталации од телекомуникациски инфраструктури.

6.10 Гасовод

Од АД НОМАГАС – Скопје, се побарани податоци и информации за постоечка инсталација и во одговорите (бр. 15-1582/2 од 23.03.2023 год.) стои дека на предметниот плански опфат нема изградено и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

7. АНАЛИЗА НА СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВАЖЕЧКИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Добиени се Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Негрево и КО Црник со технички број Y06023 за 99,03 ха и Решение за Услови за планирање на просторот со бр. УП 1-15 366/2023 од 08.03.2023 год. издадено од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во условите е напоменато да планската документација се усогласи со Законот и Правилникот за урбанистичко планирање. Условите за планирање претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на плански концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот обработени согласно Просторниот план на Република Македонија.

Заклучни согледувања издадени во Условите за планирање кои произлегуваат од просторниот план се:

Изградбата на фотоволтаични електрани е во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори.

Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани каде ќе се користи сончевата енергија, како обновлив извор, за производство на електрична енергија, во подрачје кое е сиромашно со хидроенергетски потенцијал, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Локацијата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево се пресекува со постојни енергетски водови.

За новопредвидените градби потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Иницијативата за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енертија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Релевантниот регионален патен правец за предметната локација влегуваат во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

Р1302 – (Делчево-врска со А3-Пехчево-Берово-Дабиле-врска со А4).

При планирање да се почитува законот за јавни патишта. Предметната локација се наоѓа вон зона на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред.

8. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ СО ПРОГРАМСКИ ПРОЕКЦИИ ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД АНАЛИЗАТА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПРОСТОРОТ

Со анализата на постојна состојба, потребите на градот локалитет треба да се оценат и одредат можностите на просторниот развој:

- во која насока е неопходниот развој;
- кои се ограничувачките фактори (тесни грла) на развојот;
- кои се реалните можности за развој.

Просторниот развој треба да се насочи кон понудување реално, економски издржано, еколошко квалитетно решение во областа на:

- карактерот и намена на просторот;
- систем на градба и стандарди;
- сообраќај;
- инфраструктура.

Во поглед на системот на градба и стандардите треба да се градат економско исплатливи градежни зафати на објектите.

Потребно е да се постигне повисок стандард во однос на:

- површини;
- квалитет на градба;
- употреба на материјали;
- поголеми естетски вредности;
- соодветни инсталации;
- обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување;
- поврзување со сите градски инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи.

Според заклучокот од анализата на постојната состојба, потребите и барањата од корисниците на просторот и поставките и насоките дадени во условите за планирање, можностите за просторен развој треба да се движат во насока на:

- рационално искористување на градежното земјиште;
- дефинирање на површини за градење, процент на изграденост и коефициент на искористеност во рамките на планскиот концепт;
- дефинирање на висината на објектите со право и заштита на визурите од секој објект (минимално поглед-визура од едно ниво);
- Задоволување на современите норми за градење и работа во рамките на важечките норми за урбанистичко планирање;
- условување на сообраќајната инфраструктура за безбеден пристап до секој објект;
- Условување на пешачкото движење во функција на лицата со инвалидност, без бариери;
- Условување на потребите за паркирање да се решаваат во сопствените парцели;

- Поврзување на секој објект на инфраструктурната мрежа за телекомуникации;
- Задоволување на потребите за водоснабдување преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;
- Адекватно и рационално прифаќање на отпадните води преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа;и рационална инфраструктурна мрежа.

При реализација на инфраструктурните мрежи потребно е почитување на синхронизација на истите со соодветната законска и нормативно - техничка регулатива при што треба да се добијат порационални ефекти и економски решенија.

Реални можности за развој за локалитетот претставуваат:

- градба на објекти во оформени градежни парцели.

Треба да се предложи такво просторно решение што ќе обезбеди поголем степен на искористеност на градежното земјиште со потребно ниво на сообраќајна услуга.

9. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

9.1 НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Биланси показатели - постојна состојба		
намена	**Површина м2**	**Процент на изграденост %**
Пристапен локален пат	5632,549 m2	0,56%
Неизградено земјиште	999220,910 m2	99,44%
Вкупно	1004853,450 m2	100,00%

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 366/2023

Дата: 08-03-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 2845/1, КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево, Општина Пехчево.**

- Предвидената моќност на фотоволтаичните електрани е до 100 MW.
- Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 99,03 ха.
- Планскиот опфат зафаќа земјиште од 3-та бонитетна класа.
- Согласно основните цели и одредби од Просторниот план: "Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y06023** се составен дел на Решението.
3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 225/20).
4. Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 2845/1, КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево, Општина Пехчево содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 49262 од 01.02.2023 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 2845/1, КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево, Општина Пехчево.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 2845/1, КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево, Општина Пехчево и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 366/2023 од 17.02.2023 година.

Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, на дел од КП 2845/1, КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево, Општина Пехчево претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Изготвил: Дејан Гавровски

Одобрил: Соња Фуркаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 2845/1 во КО Црвиќ и дел од КП 274/1, КО Петрово

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. У06023

Скопје, февруари 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 2845/1 во КО Црник и дел од КП 274/1, КО Петрево

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Министерство за транспорт и врски

Тех. бр. Y06023

Раководител на задачата
Владимир Кузмановски, д.с.к.

Контролирал
м-р Зесна Мисчевска Димишковска, д.и.д.к.с.

Агенција за планирање на просторот
Директор

_____

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, февруари 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 2845/1 во КО Црник и дел од КП 274/1, КО Негрево,

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот. Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава решение за услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилози или прилагодени копии од прикажувањата решенијата на Планот.

Во конкретниот случај Условите за планирање на просторот се издадени за постапување на површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 2845/1 во КО Црник и дел од КП 274/1, КО Петрево, Општина Пехчево. Планираната моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е до 100MW. Површината на планскиот опфат изнесува 99,03 ha.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да ги содржат плански параметри и насоки при планирањето на просторот и постапувањето на планските концепции и решенија во сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка **определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и **лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.**

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето** од I - IV **бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.** Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на предните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни предности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со петовата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на одредено подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот во нивно спојување географската и територијалната поставеност на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, орографски, педолошки и климатски карактеристики.

Предметната локација во КО Црник и КО Нетрепал, Општина Пехчево се наоѓа северно од населеното место Пехчево на надморска височина од 930-1060 метри.

Клима

Во овој предел владее умерено-континентална клима со модификација на климата по планинските планински.

Средно годишна температура на воздухот во пределот изнесува 8,7°C. Најтоплиот месец во овој предел е јануари, со просечна вредност од -1,2°. Најтопол месец е јули со просечна вредност од 18,2°C.

Просечна годишна минимална температура изнесува 2,8°C. Апсолутно минимална температура за овој тридесетгодишен период изнесува -31,5°C, забележана на 27 јануари 1954. Со предност доаѓаат од -20°C се јануари од декември до март. Просечен датум на есенските мрази е 5 октомври, а најраните мрази се на 9 септември. Просечен датум на пролетни мрази е април 27, а најдоцнежните е 25 мај. Просечна годишна максимална температура изнесува 15,3°C.

Поголем дел од врнежите се во топлиот дел. Просечна годишна сума на врнежи изнесува 672мм. Главен максимум паѓа во мај, просечно околу 76,8мм, а секундарниот во октомври со 64,3мм. Главен минимум е во август, просечно со 37,6мм, а секундарниот во февруари. Вкупниот број на врнежливи денови е 118.

Во просечна годишна сума на врнежи снегот учествува со 15% и се јавува од октомври до мај. Просечно годишно има 42,2 дена со снежен покривач. Во пределот каде се наоѓа локацијата бројот на снежни денови е поголем и процентот на снежните врнежи.

Релативната влажност на воздухот се намалува од јануари до август и потоа повторно се зголемува, просечна влажност на воздухот изнесува 76%.

Овој предел спаѓа во подрачјата со умерена облачност. Просечна годишна облачност изнесува 5,3 десетини со максимум во јануари од 6,5 десетини и минимум во август со 3,1 десетини.

Просечна годишна сума на траење на сончевото зрачење изнесува 2347 или 6,4 часа дневно, со максимум во јули или 10,2 часа дневно и минимум во декември од 3 часа дневно. Во овој крај маглата е ретка појава, годишно има само 8,4 денови со магла.

Појава на град е со мала зачестеност, просечно годишно се јавуваат 2,9 дена со град.

Роса се јавува во овие котлини од март до декември. Спаѓаат во појавите зачестеност од роса и тука се среќаваат 70 дена во годината од септември до мај, а на планинските предели бројот на денови со роса е поголем.

Во Беровската Котлина се јавуваат ветрови од сите 8 светски правци, но преовладува северниот со зачестеност од 142‰ и брзина од 2,4 m/s најмногу е застапен во јануари, февруари и март и северозападниот ветер кој се јавува во сите месеци со зачестеност од 118‰ брзина од 2,0 m/s. Јужниот ветар е со зачестеност од 45‰ со брзина од 2,7 m/s. Југозападниот е со честина од 66‰, а југоисточниот со честина од 64‰.

Сеизмика-Према досегашното следење на сеизмичка активност, подрачјето на овој предел припаѓа во терени со изразена сеизмичка нестабилност. Врз основа на регистрираните земјотреси од 1901 година до денес, регистрирани се шест епицентри со интензитет поголем од VI° MCS. Према извршената макросеизмичка реонизација на Републиката, поголем дел од територијата на Берово-Пехчевскиот регион припаѓа во зона со максимални очекувани сеизмички интензитет од IX° по MCS скала, а во јужните делови на општината со интензитет од VIII° по MCS, со променлива длабочина на епицентралните жаришта.

Податоците се од мерна станица Берово.

Економска основа на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во 'Просторниот план на Република Македонија' се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на настојби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположливоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинациите на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Берово со гравитационо влијание врз локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот.

При спроведувањето на стратегијата на организација и користење на просторот за алокација на производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да биираа на одржливост на економијата примечувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Црник, КО Петрево, Општина Пехчево ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (еолска енергија).

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за вклучување на предложената површина на проектниот опфат.

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми со особена општествено-економска рационалност и оправданост со цел ќе се постигнат следните најважни цели:

- Зајакнување на потенцијалите кои произлегуваат од стихијни проширувања на населените површини по плодородните земји;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на делчињата каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори по земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Ревитализирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички мерки;
- Искористување на комплементарните предности и погодности на одделни подрачја и стопанисувања за поголем степен на рационална специјализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и пазарна ориентација кои имаме;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реконструкција на земјоделското производство заради рационално користење на сите природни ресурси, почнувајќи од мелиоративни и индустриско-преработувачки капацитети;
- Примена на мерки за одржлив развој, кои подразбираат поголема употреба на природни ѓубрива, контролирана употреба на вештачки

Губрина во склад со потребата на растечиирати односно врз основа на стручни анализи, употреба на тли еколошки губрина, применета ни гл. систем жанки показиси.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Дрвкавата е подделен во 6 земјоделски стопански речиси и 54 микрорегиони. **Предметната локација припаѓа на Источен регион со 8 микрорегиони.**

При изработката на планската документација, неопходно е почитување на ограничувањата и почитување на еколошка контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено строгото ограничување на промена на намената на земјиштето од I-IV бонитетна класа за несемјоделско користење, како и загрозување на капацитетот и природната плодност на земјиштето.

Промената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделското земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидената со планирана изолација земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми побара од земјата да истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна промена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Република Македонија планирањето и реализирањето на активностите за одобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот на одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата по начин кој дополнува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во рамките на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се земаат концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и рејон на водостопанствата е условена од фактот дека Република е спречена со води. Колку водите во одредени простори можат да се сметаат за „водени ресурси" зависи од можностите за нивно искористување, односно од можностите за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите на населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на животната средина.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Република се дефинирани 15 водостопански подрачја (ВП): „Полог", „Скопје", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар". Овие подделби овозможуваат поврзување на сливовите со потребите на населението, земјоделството, индустријата и заштитата на животната средина.

Просторот кој е предвидена постапката на површински копови и фотогеодетските елаборати КО Црник, КО Нетрело, Општина Пехчево, се наоѓа во

водостопанското подрачје (ВП) „Горна Брегалница" кое го опфаќа сливот на реката Брегалница од нејзиното извирање до браната на акумулацијата Калиманци.

Расположливите водни количини потребни при експлоатација на постројката истекуваат односно преку специфичното истекување кое кај мерниот профил „Берово" изнесува 11,8 л/сек/км^2, покажувајќи дека горниот слив на реката Брегалница е богат со води. За искористувањето на хидролошкиот потенцијал на водотеците во ВП „Горна Брегалница" изградена е акумулацијата Берковски Езерца со намена за наводнување, водоснабдување и заштита од поплави.

Во наредниот период за целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на подсливните површини од водостопанското подрачје се предвидува изградба и на акумулација Рагловци со вкупен волумен од 52x10^{6}м^3 на реката Брегалница чии води ќе бидат наменети за производство на електрична енергија, наводнување на обработливото земјиште, заштита од поплави и водоснабдување на населби.

Изградбата на постројките за користење на фотоволтаичниот електрични каде преку користењето на сончевата енергија, како обновлив ресурс, како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал со кој располагаат овие подсистемски подрачја ќе придонесе за подобрување на енергетската сигурност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите.

Енергетиката и енергетската инфраструктура

Од аспект на енергетиката и енергетската инфраструктура со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат потребите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на рационално ниво на енергија во РСМакедонија. Притоа приоритетно се дадени мерките за зголемување на употребата на енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последните години во РСМакедонија над 30% од потрошувачката електрична енергија е од увозно потекло за што се одговорни големи должински средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја намалува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за намалување одредени и дефинирани рамки предвидува мерки за намалување на емисиите на штетни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки ќе придонесе за подобро економско искористување на расположливите ресурси, со порување на нови работни места и истовремено со обезбедување на услови за одржлив развој. Со рационално користување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (ЕЕС) земји најчесто се упростена со многу ограничен фактор на напаметнување развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конвенционални водови кои ќе нема да претставуваат големо пречка во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. РСМакедонија досега има 400 kV конекциони водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Кремена Моглена), а по пат е изградба на вод кон

Албанија. Планираната, со Проектниот план вклучена РМ, траса на водовод Скопје-Блок Србија е изместена и паралелно со водот Штип-Србија.

Оваа локација за постапување на поединечни соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Нетрево, Општина Пехчево, минува постојниот 110kV далновод Берово-Делчево заради што при изработка на урбанистичката и проектната документација треба да се почитуваат "Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).

Поставувањето на поединечни соларни и фотоволтаични електрани ги подобруваат перформансите на електроенергетската мрежа, со намалување уносот на електричната енергија и емисиите на стаклените гасови.

Патишта и инфраструктура

Природниот гас, со сегашните потрошувачки, малку е застапен во енергетскиот сектор во РСМакедонија. Со вкупна вкалкулирана употреба се подобрува еколошките перформанси поради помалото количество на сопствен јаглероден отпад и високата калорична моќ, претставувајќи одлична алтернатива за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи по однос на другите енергенти, заради што негативното влијание е сведено на минимум.

Изградбата на крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Со планирана по идејниот регионална изградба на гасоводната мрежа во РСМакедонија и поврзувањето со мрежите на соседните држави ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето во сите региони во РСМакедонија, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При трасирањето и натамошната изградба на гасоводниот систем се планираат да се изградат деленицата-3 Штип Исток-Радовиш-Хамзали и деленица-10 Радовиш-Берово со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Коридорот на планираниот гасовод од деленицата-10 ќе минува на 5,3km западно од оваа локација.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, и по критериумот на нејзината структура, записи од рамнорот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз основа на прогнозата за бројот, структурата, темпото на растењето, критериумите за рангирање и подинакоста, треба да се покажат просторно-временските компоненти на остварување на идните организација и уредување преку димензионалноста.

Демографските процеси, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, колку по одделни ќе се формира населението, истовремен работечки контингентот (работна сила) и домаќинствата и колку треба да придонесат кон растрено користување на идната состојба на населението како производна сила, потрошувачи и управувачи - креатори.

Тргнувајќи од претпоставката дека популациската политика преку системи на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се цели дека во обезбедувањето на планскиот рамној и влијае од состојбите во интернационалност се намалуваат воделување активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски рамној на Републиката. Во оваа рамки треба да се води едновремена популациска политика со диференцирани пристапи и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, најголемото значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и клучен фактор во напредувањето на долгорочниот просторен развој на Република Северна Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред рамној на традиционалните промени со порастот на економската, социјалната и политичката функција и во изградбата и уредувањето на нивните просторно-физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата ги опфаќа и развојот на руралните населби и простори кој е резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото.

Важните и клучни иницијативи на сопствените плански определби за изградба на соларни и фотоволтаични електрани, произлегуваат:

- Планско уредување и опремување на населбите со елементи на комунална инфраструктура.

Од аспект на урбанизацијата при поставувањето на такви објекти во просторот треба да се обрне внимание на изборот на локации од аспект на економската неисплатливост, како и правилно вклопување во постојниот урбан модел на просторот и нарушување на визуелниот амбиент.

Иницијативата за поставување на соларни и фотоволтаични електрани на КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево, ќе овозможи подобрување на снабдувањето со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат сопствено, едноставно квалитетно снабдување. Преку повеќедневно на алтернативните извори на енергија ќе овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

Основните цели на Просторниот план во областа на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се одвесува на:

обезбедување стан за секое домаќинство, подобрување на станбениот стандард, изградба на **адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување**, ангажиничност во градбата, замена на субстандардниот станбен фонд и изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Современата технологија, автоматизација и модернизација навлегува во сите пори на современиот живот, на оттаму предизвикува битни трансформации и во станот, кои квалитативно го менуваат традиционалниот тип на домување.

Порастот на животниот стандард и порастот на културата на домувањето доведуваат до постојано зголемување на површината на станот, подобрување на внатрешната организација и распоред, **квантитативно и квалитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Во тој контекст, оваа **иницијатива за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево,** е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се **овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.**

Јавни функции

Организацијата на **јавните функции** е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општественот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и пилно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено по сите споменати и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење и квалитетот на животната средина.

Поставувањето на поларните соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што ќе придонесе со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.

Индустријата која е подлога економска доминантност и должината на развојните на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во условите на успешната развојна парадигма на "одржлив" развој, неопходно е потребно да се настојува кон отстранување промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на производните капацитети, почитување на принципите на еколошка заштита.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република С.Македонија, сочинета од повеќе комуникациски подсистеми, е стабилизирана врз систематска сообраќајни врски врз чија основа, помогу другите, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи на Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат по дел од насоките на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување на државата (регионални и локални потреби).

Основа за екстерното поврзување на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и преговори, што воедно се и основа за оријентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за изворот.

Основата за интерното *поврзување* во државата годинешно планираните и развојните магистрални мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на постојната изградената експлоатациона патна мрежа-ПЕМ со "Г" основа на патиштата, на постојната изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија на развој.

Мрежата на патиштата "Г" основа што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: *Г-65, Г-75, Г-850, Г-871.*

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистралната патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- Е-65 што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (ГР-Блаце-Скопје-Гостивар-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Медитеран-ГР) - коридор за патен сообраќај по паралелен правец.
- М-5 - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ Виница), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Медитерен).

Врз основа на „Одлуката за категоризација на државните патишта" како мрежни патни правци се предвидуваат следните:

- А3 - Крстосница Требеништа-граница со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија (граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-граница со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.

Во идната патна мрежа на Република, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци по насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што ќе пристапуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со техничко и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ПЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција),
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Гостивар-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија).
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа - М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република.

Релевантниот регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "РП" и е со ознака:

- РП302 - (Делчево-граница со А3-Пехчево-Берово-Дабиле-граница со А4);

Динамиката на реализација на мрежата, иако ќе овозможи целосно опслужување на Република, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задржувајќе главно ќе искористуваат наследените места и ќе преминат во реконструкција со дополнителен пристапувања со постојната патна мрежа.

При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

<u>Железнички сообраќај</u>: Концептуалната рамка за развој на железничкиот систем базира на потребата за модерни возила и пруги, како и подобрување на железничката мрежа во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република со соседните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република, во планскиот период, треба да ги сочинуваат магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- ОР-Табановце-Скопје-Гевгелија-ОР.....213,5 km
- ОР - Блаце-Скопје.....31,7 km
- ОР -Кремениица-Битола-Велес.....145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово.....84,7 km
- АЈ-Струга-Кичево-Скопје.....143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кремениица на југ, ќе се изградат и соодветно повторување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период меѓудржавно, се очекува раст на интермодалниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за получување на меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Државата.

<u>Воздушен сообраќај:</u> Воздушните патишта на Државата се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат преletите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и спремање на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во категорија-II и интегрирана во новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предвидува да ја сочинуваат останатите 5 реконструирани и техички дооремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за специјална намена, од кои 7 летни. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за видови на аеродроми.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се овозможува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каков било вид преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се антените, антенските столбови, водови, напојувачи и други.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, изградат, употребуваат и одржуваат под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, просторниот и урбанистичкиот планови и градежните прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во прописите на Европската Унија.

Изложеноста на јавните на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски системи не треба да ги надминува пропишаните

пропишани со Упатството за граничните вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizing Radiation Protection). Агенцијата ги електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на јавните системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Република се: М-Телеком, А1 Македонија, Телекабел и Лајкамобил. Тие во своите сопствени развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - рекреативно-спортски, викенд места,
  - подрачја од посебен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајни и транспортни инфраструктури.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постојната инфраструктура на теренот.
- Усогласување на распоредите со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Овој регион покриен е со сигнал од мобилна телефонија на мобилните оператори.

Кабловски електронски комуникациска мрежа – се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел од мрежата е изградена од кабли од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички и придружни дистрибутивни и влезни точки, канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабловска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, постапуваат и градат на начин кој нема да ја попречуваат работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како и обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на развојот електронските комуникациски мрежи и придружни средства треба да ги обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни пенетрации,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со новоуведување на нови технологии и услуги, и особено со новоуведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори на своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др.

Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро поспостанената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје по електронско комуникациското сообраќај приклучени се преку телефонската централа во Пехчево.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

За новопредвидените градби, изграделата електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за слободното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале по текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Имајќи во предвид дека енергијата на сончевото зрачење претставува најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, кој не ја загадува околината, при разработка на влијанијата од површинските соларни и фотоволтаични електрани врз животната средина констатирано е дека истите не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Досегашните научни истражувања посочуваат дека единствено негативно влијание по човековата околина е потребата од зголемена површина на земјиште за нивно инсталирање. При реализација на предвидените активности за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани треба да се

внимава да не дојде до искористување на земјиштето ли начини и обеми со кој би се загрозиле значајните природни вредности, квалитетот и количините на површинските и подземните води.

Доколку при постапувањето со површинските столарии и фотоволтаичните електрани се создаде отпад, создавањето на отпад се дозволи по најстроги мерки, да се избегнат создавањето на отпад и да се намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управувањето со отпадот кој претходно извршената селекција, отпадот треба да биде пренабљуван во пат на рециклирање, повторно употребен по истот или по друг процес за екстракција на вредносните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Создадениот отпад треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем по конкретната локација. Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и смеќи ги сносат сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природното наследство

Од областа на заштита на природата (*природното наследство, природните реткости и биолошката и пределовата разновидност*), документацијата за предметниот простор треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија, при основа на режимот за заштита, кој се организира распоред на активности и начин на обврски кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и спроведување на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За тие цели е потребно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределовска разновидност по состојби на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство по интерес на сегашноста и идните генерации, без значителни оштетувања на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и изградбата на дејности, одлуки на необезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална потрошувачка на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/20) и Законот за животна средина („Службен весник

на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) потребно е преземување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, за просторот за постапување на површински сопарни и фотоволтаични електрани, КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево, нема регистрирано или евидентирано природно наследство.

Доколку при изработката на документацијата за предметниот простор или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се преземат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на оние објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (внатрешна и надворешна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при поминување нивните потребите е претходно стручно вклучување во природните процеси;
- Воспоставување на мониторинг, истражувачка контрола и надзор на објектите од природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на настанатите штети;
- Воспоставување на стручна соработка со надлежни институции по конкретните;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во опсегот на предисторијата до денес, на територијата на нашата држава, остануваат значајни трагови од поранешни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и надворешното на македонскиот народ во овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за чување и заштита на ова наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготвува Елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од повеќе значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои постои основано претпоставување дека имаат споменично својство. Тоа се археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, богомолни куќи, гајат куќи, турбиња, маузолеи, кошари, мостови, ѕидини, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици од повисоките нивоа, локации, белезитите населени места, период на настанувањето и општествените појави со кои се поврзани споменициите.

Согласно постојната законска регулатива, видови на недвижното културно наследство се споменици, споменички целини и културни предели.

На подрачјето на кадастарската општина Петрово, кое е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (*експертен собирање*):

1. *Археолошкиот локалитет "Бедо", Петрово, римски период;*
2. *Археолошкиот локалитет "Грамади" (Катравица), Петрово, доисториски период;*
3. *Археолошкиот локалитет "Калои Дол", Петрово, римски период;*
4. *Црква Св. Константин и Елена. Петрово, 1858 год.*

На подрачјето на кадастарската општина Црник, нема евидентирани недвижни споменици на културата (*експертен собирање*):

1. *Археолошкиот локалитет "Орличе", Црник, римски период.*

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги прикажува праисторискиот и историскиот слоеви на поселеноста етапистрацијата, од најстарите времиња до доцниот средни век, на анализираното подрачје на кадастарските општини, евидентирани се следниве локалитети:

КО Петрово- *Бедо*, населба од енеолитскиот период, *Грамади*, населба од доцноантичкиот период; *Калои Дол*, населба од доцноантичкиот период.

КО Црник – *Орличе*, некропола – можеби од римскиот период.

Според Просторниот план на Р.Македонија, најголем број на цели се одневрушени на пристапните и видливите на културното наследство воспоставените од повисоко ниво.

При изработката на документацијата од овој вид, потребно е да се утврди точната состојба на утврдените локалитети со културно наследство и потоа да се предвидат планските мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителност при планирање на недвижното културно наследство во просторот да изработката на просторните и урбанистичките планови од повисоко ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, оствариување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на споменициите на културата во современата намена, во туристичкиот стопанисување, во малкиот стопанисување и услугите, како и во постојните рамки на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактните, околните споменички простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и плански современа презентација;

[1] МАНУ Скопје, 1996г.

– измената и дополнувањата на просторните и урбанистичките планови задади условите кои произлегуваат од потребата на видливото културно наследство.

Културното видливото наследство во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе овозможи целосно уживање во просторното и организациското јадро на градовите и вредностите кои ги претставуваат, како и понатамошно подобрување и потенцирање на потенцијалните традиционални, амбиентални и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството се сметаат основни функција-профајлери, комплементарни и истовремено надополнувачки на голем број развивидни бранши и жители на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредени средини, а исто така има извонредно влијание и врз просторот во кој ја испреплита своја дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Она, прво со, се одвојува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат материјални вредности, како што се разни информации, обичаи, фолклор, забави, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледувањето природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Северна Македонија како посебни целини можат да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, пештерите и добрата со природно и културно наследство, привлечните туристички пејзажи, традиционалните живеалишта, домашните подгранки и сечиите.

Согласно со основните долгорочни цели, концепцијата и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Р. Северна Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Вреташанички туристички регион со 9 туристички зони и 29 туристички локалитети и е дел од простори кои имаат регионално туристичко значење.

Заштита од појави предизвикани, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се наменети условите за планирање на просторот за поларниски соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, се наоѓа во простори погодни за слободни територии. Тоа се простори кои поради своите природни својства се течиско пристапни за склопно механизирања единици, надвор од урбаните агломерации и комуникациите и од главните насоки на напојувања. Овие простори поради слабата населеност имаат висок степен на непредизвиканост на се погодни за формирање на слободни територии.

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки, а се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да предизвикаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низа вештачки, но делумно сеизмички закрпени по земјата или во нејзината подлабока и површинска околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M=6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања. Бидејќи традиционалната градежните објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на Државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвидникација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, земетресни), кои доминантни одронски и свлечишта, што уште повеќе ги зголемуваа негативните последици на земјотресите.

Во денешниов простоорен распоред на Републиката, природните богатства, неотрафските, морфолошките и другите карактеристики имаат доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која парцелите се градени, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (според Атласот на МКС-64).

Локацијата на која се планирани условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Намалувањето на сеизмичкиот ризик може да се постигне со задолжителна примена на нормативно - правни регулативи, со кои се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на техничко конзистентни и економски оправдани критериуми на сеизмичка заштита кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и околината од природни катастрофи.

Непосредно со перманентно ажурирање на планските за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на Државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализацијата на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инокинетичка превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасно менаџирање на ефектите и непосредните последици предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање на заштитата од природни и елементарни катастрофи во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за заштита од пожари, односно стимулативните човечки и материјални загуби да бидат што помали по случај на пожари.

Во однос на дистрибуцијата на противпожарната заштита, предметната локација по случај на пожари кои опслужуваат противпожарни единици од градот Негрево.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, својствата на запаливост од пожари и условите кои ќе овозможат на пожарните хидрантско-хидрозолошките услови, рутите на истрели и објектот кои имаат потреба од заштита од пожари.

Зависно од утврдената заштита по урбанистички планови се преземаат мерки за остварувањето на барањата за противпожарна заштита, спречување на ширењето, гасење и указување помош при остварувањето на последиците од предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои ќе обезбедуваат доволно количество вода за гасење на пожарот;
- оддалеченоста меѓу поените предвидени за снабдување и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за вработување поголем број луѓе, опасни и експлозивни материи;
- капацитетот, носивоста и приодноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гасењето на пожарот.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативно-оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При изборот на природни отпади, како што се појавите, секое организирано општество презема активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на поплави првенствено е поврзана со природните текови и хидрографската мрежа, по најчестиот вид на поплави и најголемата опасност од нив, отпаѓа, дојде од поројните водотеци. Согласно со ова ќе доминираат на брег, исправени и сфаќасти одлуки неопходно е да се користат со:

- одбранбено-разработени планови;
- сигурни информации за состојбата во загрозеното подрачје;
- сигурни прогностички информации за очекувањата состојби.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се малку фреквентни појавите на град, луњачни ветрови и магли.

Едно од можните и неопходно неопходни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку познавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одредувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребно е детално земање на основните методолошки поставки за планирање и уредување на просторот.

- оценка на способноста на природните комплексности на животната средина и отпорноста на загрозеност од појава на техничко катастрофи;
- оценка на оптималноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовни еквидистантни работа на технолошките системи и при појавата на непредвидливи случаи;
- проценка на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимални варијанти на заштита при опасноста на прекумерно отстапување на загрозеноста.

Со примената на овие методолошки поставки може да се очекува оптимално ни следните потенцијални цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и количествено на приоритет од аспект на заштита во рамките на приоритетните можности;
- изработување на мерки на кои се засновани организацијата на заштита и спасувањето на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во однос на користењето на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на различните причини со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и посебната и специфицираната животна средина постојат три нивоа на преземање на ефективни превентивни мерки:

Прво ниво ги вклучува сите мерки кои се преземаат по одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и подготвување на технолошки катастрофи.

Второ ниво се однесува на сите мерки кои треба да овозможат одржување на функцијата како последица од дизајн, обезбедување или ослободување на хемикалии, што може да се случи по можност во помали индустриски инциденти.

Трето ниво ги вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на одржување на ефектите од емисија на опасни материјали, или последици од пожари и експлозии.

При изработката на плановите од поширок опсег треба да се има предвид следното:

- Потребата од информирање на системот за евиденција и анализа на технолошките инциденти, компатибилен на системот MARC на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од преземање на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на одделувањата во истата или слична постројка.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита од несреќите и едукација и тренинг на вработените во случај на настанување техничко катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со поставување на површински соларни и фотоволтаични, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија:

- Постапувањата со површинските соларни и фотоволтаичните електрани во рамките на планскиот опфат, се очекува да предизвикаат позитивни влијанија и ефекти при целото понатамошно конкурсирање од аспект на економска организација, инфраструктурна опременост и уредувањето на просторот. Постапувањата со површинските соларни и фотоволтаичните електрани ќе овозможат интегрирањето на електроенергетската мрежа, со намалување удолжот на електричната енергија и емисијата на стаклените гасови.
- Со постапувањата со површинските соларни и фотоволтаичните електрани ќе имаа и негативни влијанија врз животната средина, пред сè врз квалитетот на површинските и подземните води, почвата, биодиверзитетот, амбиенталниот воздух, како и создавање бучава. Влијанијата ќе се јават во фазата на постапувања (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз површинските (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), кои ќе бидат локални и со ограничен временски рок. Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се проценуваат како мали и значајни, имајќи го во предвид фактот дека површинските соларни и фотоволтаичните електрани не создаваат емисии на штетни материи, не трошат ресурси и не создаваат бучава. Мерки за заштита од загадување врз животната средина се планирани во секторската област заштита на животната средина.
- Поради потребата од економична експлоатација на земјиштето за површинските соларни и фотоволтаичните електрани, неопходно е воспоставување и спроведување на стручна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и усогласување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните интервенции на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а посебно строгото спроведување на пренаменувањето на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделски корисници, како и зачувување на квалитетот и продуктивноста на земјиштето.
- Нити локацијата за постапувања на површинските соларни и фотоволтаичните електрани по КО Црник и КО Ветрено, Општина Пехчево, минува постојниот 110kV далновод Берово-Делчево. При изработка на документацијата треба да се почитуваат постојните законски и правилнички, кои се однесуваат на секторската област: Енергетика и енергетска инфраструктура.
- Предметниот опфат нема конфликт со постојните планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабловски електронско комуникациски мрежи.
- Во експлоатационениот период не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина, бидејќи по видот и природата на планираните содржини со големина површинските соларни и фотоволтаичните електрани не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.
- На просторот за постапувања на површинските соларни и фотоволтаичните електрани, КО Црник и КО Ветрено, Општина Пехчево, нема регистрирано ниту евидентирано културно наследство. Доколку при изработка на предметната документација или при уредувањето на просторот се дојде до

одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.

- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постави во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвиденот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евентуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и ливно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се наменети за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 2845/1 во КО Црник и дел од КП 274/1, КО Петрево, Општина Пехчево. Планираната мојност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е до 100MW. Површината на планскиот опфат изнесува 99,03 ha.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија во сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата за предметниот простор, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).
- Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активностида се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

Заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Државата е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за

неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Просторот на кој се предвидува поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани се наоѓа во ВП „Горна Брегалница" кое се одликува со голем воден потенцијал. Расположливите водни количини изразени преку просторната дистрибуција на површинското истекување односно преку специфичното истекување кај мерниот профил „Берово" изнесува 11,8 л/сек/км^2. Поставувањето на електрани каде преку користење на сончевата енергија како обновлив ресурс, (како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал со кој располага ова ВП) ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Низ локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, минула постојниот 110kV далновод Берово-Делчево заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: "Мрежните правила за препос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).**
- Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани и си подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Иницијативата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку воледување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

Домување

- **Иницијативата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува**

квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Јавни функции

- Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

- Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.

Сообраќајна инфраструктура

- Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  А3 - Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија (граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Мелитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.
- Релевантниот регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "РІ" и е со ознака:

  РІ302 - (Делчево-врска со А3-Пехчево-Бејово-Дабиле-врска со А4).
- При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- Локацијата наменета за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.

- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Црник и КО Нетрево, Општина Пехчево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни предности.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични предности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во парцелема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на постапувањето и експлоатационот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сносл сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Црник и КО Нетрево, Општина Пехчево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработката на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарските општини Петрево и Црник има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на документацијата од пописно пиво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Развој на туризмот

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Брегалнички туристички ретион со 9 туристички зони и 29 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат регионално туристичко значење.
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, се наоѓа во простори погодни за слободни територии. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

[2] МАНУ Скопје, 1996г.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 1702/2023
Дата: 17-08-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издава **Дополна на Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2, КО Црник и дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3, КО Негрево, Општина Пехчево**.

- Планираната моќност на фотоволтаичните електрани е **над 10 MW**.
- Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 100,49 ха.
- **Површината на планскиот опфат за која се издава оваа Дополна на Услови за планирање на просторот изнесува 1,46 ха**.

(За останатиот дел од опфатот има издадени Услови за планирање на просторот: Решение бр. УП1-15 366/2023 од 8.03.2023 год. и Елаборат со тех бр. Y06023).

- Планскиот опфат зафаќа земјиште од 3-та бонитетна класа.
- Согласно основните цели и одредби од Просторниот план: "Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y06023i** се составен дел на Решението.

3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

4. Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2, КО Црник и дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3, КО Негрево, Општина Пехчево содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/22 и 171/22) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно неспроведувањето, согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.
При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за предметната документација за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотоналонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2, КО Црник и дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3, КО Негрево, Општина Пехчево, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 53062 од 14.06.2023 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Дополна на Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотоналонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2, КО Црник и дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3, КО Негрево, Општина Пехчево.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотоналонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2, КО Црник и дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3, КО Негрево, Општина Пехчево и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1702/2023 од 01.08.2023 година.

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Sul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.mbepp.gov.mk

Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2, КО Црник и дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3, КО Негрево, Општина Пехчево претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

МИНИСТЕР
Каја Шукова

Изготвил: Дејан Гаровски

Одобрил: Соња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

ДОПОЛНА НА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште)

КО Црник и КО Вегрено

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. У06023і

Скопје, јули 2023

ДОПОЛНА НА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште)

КО Црник и КО Петрево

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Министерство за транспорт и врски

Тех. бр. Y06023i

Раководител на задачата
Владимир Кузмановски, д.е.

Контролирал
м-р Зеска Мисчевска Димишковска, д.и.з.к.с.

Агенција за планирање на просторот
Директор

_____

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, јули 2023

ДОПОЛНА НА УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште)

КО Црник и КО Негрево

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот. Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и друга документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пописно ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за населените места и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон. За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството

надлежно за работите на просторното планирање, издава решение за услови за планирање на просторот.

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај Дополната на Условите за планирање на просторот е наменета за поставување на **површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2, КО Црник и дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3, КО Нетрево, Општина Пехчево. Планираната мојност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е над 10 MW. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 100,49 ha. Површината за која што се издаваат условите за планирање на просторот е 1,46 ha.**

Дополната се изработува заради проширување на границата на планскиот опфат на издадените Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електртани на дел од КП 2845/1 во КО Црник и дел од КП 274/1, КО Нетрево, Општина Пехчево со тех.бр. Y06023.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат плетни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени по согласност со **Просторниот план на Република Македонија.**

Основни определби на Просторниот план

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително потолема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира намалување на ретионалните диспропорции, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на активности на простори дрзани со местото на одгледување или искористување.

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или сродветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



Општинска граница

Катастарска граница

Површински соларни и фотоволтаични електрани -Y06023



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје представуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учеството и влијанието на човекот во нив спаѓаат географската и геопрометная положба на подрачјето, рељефните карактеристики, геолошки, сеизмички, педолошки и климатски карактеристики.

Предметната локација во КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево се наоѓа северно од населено место Пехчево на надморска височина од 930-1160 метри.

Клима

Во овој предел владее умерено-континентална клима со модификација на климата во високите планински.

Средно годишна температура на воздухот во пределот изнесува 8,7°C. Најстуден месец во овој предел е јануари, со просечна вредност од -1,2°. Најтопол месец е јули со просечна вредност од 18,2°C.

Просечна годишна минимална температура изнесува 2,8°C. Апсолутно минимална температура за овој триесетгодишен период изнесува -31,5°C, забележан на 27 јануари 1954. Со вредност пониска од -20°C се јавува од декември до март. Просечен датум на есендскиот мраз е 5 октомври, а најраниот мраз е на 9 септември. Просечен датум за пролетен мраз е април 27, а најдоцниот е 25 мај. Просечна годишна максимална температура изнесува 15,3°C.

Поголем дел од прнежите се во топлиот дел. Просечна годишна сума на врнежи изнесува 672мм. Главен максимум паѓа во мај, просечно околу 76,8мм, а секундарниот во ноември со 64,3мм. Главен минимум е во август, просечно со 37,6мм, а секундарниот во февруари. Вкупниот број на прнежливи денови се 118.

Во просечна годишна сума на врнежи снегот учествува со 15% и се јавува од октомври до мај. Просечно годишно има 42,2 дена со снежен покривач. Во пределот каде се наоѓа локацијата бројот на снежни денови е поголем и процентот на снежните врнежи.

Релативна влажност на воздухот се смалува од јануари до август и потоа кон декември се зголемува, просечна влажност на воздухот изнесува 76%.

Овој предел спаѓа во подрачјата со зголемена облачност. Просечна годишна облачност изнесува 5,3 десетини со максимум во јануари од 6,5 десетини и минимум во август со 3,1 десетини.

Просечна годишна сума на траење на сончевото зрачење изнесува 2347 или 6,4 часа дневно, со максимум во јули или 10,2 часа дневно и минимум во декември од 3 часа дневно. Во овој крај маглата е ретка појава, годишно има само 8,4 денови маглини.

Појава на град е со мала зачестеност, просечно годишно се јавуваат 2,9 дена со град.

Росата е честа појава во оваа котлина од март до декември. Слапата е со помала зачестеност од росата и таа се среќава 70 дена во годината од септември до мај, а на планинските предели бројот на денови со слапа е поголем.

Во Беровската Котлина се јавуваат ветрови од сите 8 светски правци, но преовладува северниот со зачестеност од 142‰ и брзина од 2,4 m/s најмногу е застапен во јануари, февруари и март и северозападниот ветер кој се јавува во сите

мерења се вредностите од 118% брзина од 2,0 m/s. Јужниот ветер е со зачестеност од 45% со брзини од 2.7 m/s. Југозападните се со честини од 66%, а југоисточните со честини од 64%.

Сеизмика-Према досегашното сознание за сеизмичка активност, подрачјето на овој предел припаѓа по терени со изразени сеизмички нестабилности. Врз основа на регистрираните земјотреси од 1901 година до денес, регистрирани се шест епицентри со интензитет повеќе од VI° MCS. Према изработената макросеизмичка рејонизација на Република, поголем дел од територијата на Берово-Пехчевскиот регион припаѓа по зони со максимални очекувани сеизмички интензитет од IX° по MCS скала, а по јужните делови на општината и со интензитет од VIII° по MCS, со прогнозирана длабочина на епицентралните жаришта.

Податоците се од метеостаница Берово.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во 'Просторниот план на Република Македонија' се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и можностите на регионот, поставеноста на системот на мерила, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, факторите од регионот по кои се напојува економијата, степенот на застапеноста на факторите, економските способности и економската потенција на Општината во склоп на општ државен развој на македонската економија е детерминиран од местоположбата и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности произлегува од објективните фактори, постојните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува преку комбинација на концентрацијата на стопанските и ограничени места и дисперзија по просторот кога се комплементарни придобивки во рационалноста и просторната рамномерност на економските дејности.

Со рационалното планирање на производните и услужни дејности и со рационалното користење на природните ресурси, со нормирање на интензивноста на развојот како што е Градот Берово со транзитационо потенцијалната локација за која се наменети и Условите за планирање на просторот.

При определувањето на стратегијата на организација и користење на просторот за локација на производни и услужни дејности, почитувајќи ја просторната проба да биолошкиот потенцијал на просторот, квалитетот на природните и создадените ресурси и богатства, комбинирано и интегрално вклучување, локацијата практичноста и правилно вклучување на развојните фактори.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базираат на одржливиот на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и

релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани, (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) КО Црник, КО Петрево, Општина Пехчево ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активности да се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

Користење и заштита на земјоделското земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните заштрани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и пивна ориентација кои извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети;
- Примена на мерки за одржлив развој, кои подразбираат: поголема употреба на природни ѓубрива, контролирана употреба на вештачки ѓубрива во склад со потребата на растенијата односно врз основа на стручни анализи, употреба на т.н. еколошки ѓубрива, примената на т.н. систем капка по капка.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Државата е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. **Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми педпаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Согласно Просторниот план на Република Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се залази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Републиката е сиромашна со вода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за „воден ресурс" записи од можноста за пилно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите на населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): „Полог", „Скопје", „Треска", „Пчиња", „Среден Вардар", „Горна Брегалница", „Средна и Долна Брегалница", „Пелагонија", „Средна и Долна Црна", „Долен Вардар", „Дојран", „Струмичко Радовишко", „Охридско - Струшко", „Преспа" и „Дебар". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположливите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот на кој се предвидува поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Црник, КО Негрево, Општина Пехчево, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) „Горна Брегалница" кое го опфаќа сливот на реката Брегалница од нејзиниот извор до браната на акумулацијата Калиманци.

Распоредот на годишните количини потенцијална преку просторната дистрибуција на потрошувачката истакнувањето односот преку специфичното истакнување кое кај мерните профили „Витолиште" изнесува 11,8 л/сек/км^2, покажувајќи дека горниот слив на реката Брегалница е богат со води. За искористувањето на хидропотенцијалот на водотекот во ЈП „Горна Брегалница" изградена акумулација на Витолишко Езеро со намена за наводнување, водоснабдување и заштита од поплави.

Во наредниот период за целосно искористување на хидропотенцијалот на подсливните површини со предвидува изградба и на акумулација Рагловци со вкупен волумен од 52x10^{6}м^3 на реката Брегалница чии води ќе бидат наменети за производство на енергија, наводнување и обезбедување земјиште заштита од поплави и туристичка намена.

Изградбата на површинските копови и претпоставените експлоатациони кадри преку користење на сончевата енергија, како обновлив ресурс, како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал со кој располага оваа подсливна површина ќе доведе до намалување на експлоатацијата на фосилните горива и во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Организацијата на енергетиката и енергетската инфраструктура со Просторниот план на РМакедонија се дефинирани состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во РСМакедонија. При тоа приоритетите се дадени на намалувањето на увозната зависност на енергенти и енергија, одржливото задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во РСМакедонија вади 30% од потрошената електрична енергија а тој увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја намалуваат потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и инклузивен раст предвидува мерки за намалување на емисиите на штетни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки ќе придонесе за подобрување односно спокојствена идната за следните генерации, отворање на нови работни места, и истовремено со обезбедување на услови за одржлив раст. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за економски раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се упоредувани) е многу значаен фактор за нивниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конвенционални водови кои ќе овозможат да просперираат преку трансмисија на потребните количини на електрична моќност. РСМакедонија досега има 400 kV конекциони водови со Грција (преку Солун и Дреново/Коментор/Косово-Б) и преку Бугарија (Шарена Могила), и во плановите е градбата на вод кон Албанија. Планираната, во Просторниот план на РМ, трета врска подот од Скопје 5 кон Србија е отменета и изградена е подот Штип-Србија.

Пиа локацијата за постанување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Црник и КО Петрела, Општина Пехчево, минува постојниот 110kV далновод Берово-Делчево заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитуваа: "Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).

Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани ги подобрува инфраструктурите на електроенергетската мрежа, со намалување на електричната енергија и емисијата на стаклени гасови.

Растеница и шафтовод

Природниот гас, со останатата потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во РСМакедонија. Со негова алтернативна употреба се понудува еколошки пофрифатлив горивен кон со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нафтените деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што загадувањето е сведено на минимум.

Изградбата на крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Со планира по идниот период доизградба на гасоводната мрежа во РСМакедонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во РСМакедонија, но и уримотежување на потрошувачката по текот на целата година.

При проширувањето и магистралната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изградат деленица-3 Чешиново-Исток-Радовиш-Хамзали и деленица-10 Радовиш-Берово со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Коридорот на планираниот гасоводен деленица-10 е минува на 5,3km западно од оваа локација.

Населеност

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, и по квантитет така и по структурата, записи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз основа на прогнози за бројот, структурата, темпото на растење, критериумите за рационалноста и подложноста, треба да се покажат просторно-временските компоненти на остварување на идната организација и уредување преку демографските процеси.

Демографските процеси, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, колку по одделни ќе се формира населението, вкупниот работно способен потенцијал (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон рационално користење на идната состојба на населението како производна сила, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, со цел да се обезбедуваат најповолни просторни услови за остварувањето на перспективно посакуваната подолгорочна активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економскиот развој на Републиката. Во оние рамки треба да се води единствена популациска политика со диференцирани пристапи и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејството и општото подобрување на квалитетот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација и мрежа на населби

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во напорите за подолгорочност просторен развој на Република Северна Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред растот на градовите паралелно со порастот на вкупното население, економските и политички функции и во изградбата и уредувањето на нивните просторно физички структури. Во поширока смисла урбанизацијата го опфаќа и развојот на рурализираните населби и просторите кои се резултат на промените кои водат кон намалување на разликите помеѓу градот и селото.

Важните и сложени иницијативи на сообраќајните дејности се изградбата во согласност со целите на урбанизацијата и развој и уредување на населбите, дефинирани во Просторниот план на Р. Македонија.

Една од целите согласно ПППРМ која треба да се земе во предвид при изработка на **површински соларни и фотоволтаични електрани,** продолжува:

- Планско уредување и опремување на населбите со елементи на комунална инфраструктура.

Од аспект на урбанизацијата при поставувањето на какви објекти во просторот треба да се обрне внимание на изборот на локации од аспект на заштита на продуктивното земјиште, како и правно полноважно во постојното урбано ткиво на просторот и нефлагрантно по обликувањето на окружувањето.

Иницијативата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Прилеп и КО Ветрено, Општина Пехчево, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат сообраќај, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливите извори на енергија што е едно од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

Основните цели на Просторниот план во областа на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на: обезбедување стан за секое домаќинство, подобрување на станбениот стандард, изградба на адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување, асеизмичност во градбата, замена на субстандардниот станбен фонд и изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Современата технологија, автоматизација и модернизација навлегува во сите пори на современиот живот, на оттаму предизвикува битни трансформации и во станот, кои квалитативно го менуваат традиционалниот тип на домување.

Порастот на животниот стандард и порастот на културата на домувањето доведуваат до постојано зголемување на површината на станот, подобрување на внатрешната организација и распоред, квантитативно и квалитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Во тој контекст, оваа иницијатива за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Јавни функции

Организацијата на јавните функции е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема преповраки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот си детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Со плански и организиран начин на ширење на инфра и супраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува остварување на просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево, ќе биде во функција на развој на енергетскиот сектор што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.

Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на производните капацитети заснована на принципите на еколошка заштита.

Сообраќај и врски

Комуникациската мрежа на Република С.Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: *Е-65, Е-75, Е-850, Е-871.*

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-65** што се поклопува со делови од магистралните патишта М-3, М-4 и М-5 - (СР-Блаце-Скопје-Тетово-Кичево-Требеништа-Охрид-Битола-Меџитлија-ГР) - коридор за патен сообраќај по насока север-југ.
- **М-5** - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отопица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Меџитлија).

Врз основа на „Одлуката за категоризација на државните патишта" овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А3** - Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија (граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.

Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе си следат веќе традиционалните правци по насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Републиката ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција);
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија).
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес - Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа - М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надопрзуваат *регионалните патишта*, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Релевантниот регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "РІ" и е со ознака:

- **РІ302** - (Делчево-врска со А3-Пехчево-Берово-Дабиле-врска со А4);

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При изработка на планската документација од аспект на безбедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на железничкиот систем базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина,

како и поврзување на железничката мрежа на Републиката со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Републиката, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР.....213,5 km
- СР - Блаце-Скопје.....31,7 km
- СР -Кременица-Битола-Велес.....145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово.....84,7 km
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје.....143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период меѓудругото, се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Државата.

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Државата се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за вакон вид на аеродроми.

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, постапуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Републиката се: М-Телеком, А1 Македонија, Телекабел и Лајкамобаји. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Овој регион покриен е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

Кабелска електронска комуникациска мрежа – се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,

– унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена предност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др. Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје по електронско комуникациското сообраќај приклучени се преку телефонската централа во Пехчево.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

За новопредвидените градби, изграделата електронска комуникациска инфраструктура за пренос со големи брзини треба да им овозможи на сите корисници слободен избор на оператор, а на сите оператори пристап до градбите под еднакви и недискриминаторски услови.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и подлога основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Имајќи во предвид дека енергијата на сончевото зрачење претставува најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, кој не ја загадува околината, при распределбата на влијанијата од површинските соларни и фотоволтаичните електрани врз економијата средината констатирано е дека истите не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Достигнатите научни истражувања покажуваат дека судирите со летечки птици по полноќната осветлина е потребата од интензивна поправка на земјишта за правилно инсталирање. При реализација на предвидените активности за постапување на површинските соларни и фотоволтаичните електрани треба да се преземат да не дојде до искористување на земјиштата на начин и обем со кој би се загрозиле почвените природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и подземните води.

Доколку при постапувањето на површинските соларни и фотоволтаичните електрани се создаде отпад, создавањето на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз економијата средина, живеењето и здравјето на луѓето. При управувањето со отпадот кој претходно извршената селекција, отпадот треба да биде пренасочен во пат на рециклирање, повторно употреба по истот или по друг процес за екстракција на рециклираните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Создадениот отпад треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем на повторната депонија. Неопходно е да се потенцира дека создавањето и/или постојувањето на отпадни материи и емисии ги вклучува ситеците можности за загадување на секој од главните природните нарушувања во животната средина.

Заштита на природното наследство

Од областа на заштита на природата *природното наследство, природните вредности* и *биолошката* и *предметот заштита*, документацијата за предметниот простор треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија, при основи на режимот за заштита, кој се организира распоред на активности и пренасочување на објектите кои не се усогласени со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и спречувањето на загадувањата.

Особено внимание при заштитата на природата, треба да се посвети на големината, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простории за да се избегнат или да се надминат судирите и колизиите со полноќни либидинозни функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на биолошката биолошка и природска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашноста и идните генерации, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и

изпрашување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;

- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/21) и Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за поставување на полрлински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), КО Црник и КО Ветрево, Општина Пехчево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработката на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за иршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување на природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспостанување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспостанување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава, оставила значајни траги од вопредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпостанува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Негрево, кое е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Боро", Негрево, римски период;*
2. *Археолошки локалитет "Грамади" (Катраници), Негрево, доцноантички период;*
3. *Археолошки локалитет "Калов Дол", Негрево, римски период*
4. *Црква Св. Константин и Елена, Негрево, 1858 год.*

На подрачјето на катастарската општина Црник, има евидентиран недвижен споменик на културата (Експертен елаборат):

1. *Археолошки локалитет "Орниче", Црник, римски период.*

Во Археолошката карта на Република Македонија[1], која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарските општини, евидентирани се следните локалитети:

КО Негрево- *Боро*, населба од доцноантичко време, *Грамади*, населба од доцноантичко време ; *Калов Дол*, населба од доцноантичко време.

КО Црник – *Орниче*, некропола – могили од римско време.

Според Просторниот план на Р.Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на документацијата од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените *локалитети со културно наследство* и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

– задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво

[1] МАНУ Скопје, 1996г.

заради обезбедување на квалитетни услови за нивна заштита, оживување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на споменичните и културните вредности, културното наследство, културното опкружување, во целосно согласност со условите, како и во текот на целата постапка;

- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактните, околните споменични простори заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради утврдување на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклучување во просторното и организационото живеење на граѓаните и вреднувањето на непокретните подрачја и потенцирање на потенцијалните традиции, обичаи и естетски вредности.

Туризам и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-престојување, сместување и интензивно задоволување на голем број различни барања и желби на туристите, влијае врз економијата и развојот на одредена средина, а истовремено има и негативно влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во економијата и пошироко. Оваа пред сѐ, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Истовремено, преку туризмот се шират и се продаваат нематеријални вредности, како што се разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на искористеност, на територијата на Р. Северна Македонија како посебни целини можат да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, пештерите и добрата со природно и културно наследство, традиционалните туристички дестинации, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концепцијата и критериумите за рејонизација и организација на туристичката понуда, во Р. Северна Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Брегалнички туристички регион со 9 туристички зони и 29 туристички локалитети и е дел од простори кои што имаат регионално туристичко значење.

Заштита од природни катастрофи, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, предметната локација за која се намечени условите за планирање на просторот за поголеми соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево, се наоѓа во простори погодни за слободни територии. Тоа се простори кои поради своите природни својства со текнно приспособување на соодветно механизирања единици, надвор од урбаните агломерации и комуникациите и од главните насоки на напојување. Овие простори поради слабата населеност имаат низок степен на попреченост на со погодни за формирање на слободни територии.

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки, а се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата со подзаконски акт.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Државата, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низа вештачки, најчесто сеизмички акцентна во земјата или во нејзината површинска и внатрешна околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M=6.0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционалните градежните објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат такве земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси периодично ги погодиле територијата на државата со прекинувања и со појава на колатерални хазарди (ликвидација, одрони, клизишта, пукнатини, раседувања, померувања), со дезинтегрални одрони и клизишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во достигнатиот просторен развој на Република, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација по која најголемите градови, најголем број на населеност, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (повеќето од VII – X степени по MKC-64).

Локацијата за која се намечени условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.

Намалувањето на сеизмичкиот ризик може да се постигне со задолжителна примена на нормативно - правни регулативи, со кои се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на техничка конзистентност и економски оправдано степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Непосредно с перманентното акумулиране на планинските ли защитни од елементарни вечноподи, кои согласно законските обврски постоат за целата територија на државата, во рамки присутниот систематички хавард, какво и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализацијата на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна имплементација и надминување на системичкиот ризик на територијата на целата Држава, односно за ефикасно менаџирање со ризиците и потенцијалните состојби предизвикани од опасните системички сили.

За успешно функционирање на заштитата од природни и елементарни катастрофи во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се применат соодветни мерки за заштита од пожари, односно елиминирање на можните причини за настанување пожари.

Во однос на дистанцирање на противпожарната заштита, предметната локација по случај на пожари ќе располагаат противпожарни единици од градот Берово.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои ќе поттикнуваат на пожарите климатско-хидролошките услови, врз кои ќе влијаат и можните влијание врз загрозеноста и заштитата од пожари.

Зависно од опфатот на заштитата по урбанистички планови се применуваат мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното шире, гасење и указување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изградба на водоводна мрежа и водоводни објекти кои обезбедуваат доволно количество води за гасење на пожари;
- оддалеченоста меѓу помалите предвидени за стамбени и јавни објекти и големите предвидени за индустриски објекти и објекти за специјални намени за складирање лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, просторноста и прегледноста на магистралата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гасење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, техничко, објектно-просторен и просветен карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

При појава на природни стихии, како што се поплавите, сиромашно опишеста претставува активни и пасивни мерки за организирана одбрана.

Појавата на поплави првенствено е поврзана со природните текови и хидрографската мрежа, по најчестиот пат да поплавите и најголемата опасност од нив, очекуваме, доаѓа од поројните водотеци. Согласно со оние кои ќе дозволуваат на брег, исправени и сличните одлуки неопходно е да се применат сос

- одиторски разработени планове;
- сигурни информационни за състоянието на напрегнатото поле;
- сигурни прогностични информационни за очакваните условия.

От мечтателните нагони се характеристики на елементарните периоди се манифестират нарушения на праг, лумъчни вътрешни и малки.

Едно от можещите и вечнопоходно потребни предвидените мерки за защитата от техническа - технологични катастрофи е планирането, като преку основаните и анализи на състоянието и опасностите от можещите инциденти, по отношение на инсталациите и оборудването, трябва да осигурят приемливо ниско ниво на жизнената среда.

Потребата от дефиниране на основните методологични понятия за планирането и управлението на пространството:

- оценка на състоянието на природната комплексност на жизнената среда и степента на натрегнатост под влияние на техническа катастрофа;
- оценка на функционирането на пространството от технологични системи от гледище на риска;
- анализ на междусъществуващата зависимост на природните условия и построените технологични системи;
- дефиниране на типовете на постоянния риск при редовния всекидневна работа на технологичните системи и при появата на инцидентни случаи;
- проучване на натрегнатостта на дълбочина и материалните добра;
- управление на критериумите за избор на оптималния вариант на защитата при основата на предварителното изчисление на натрегнатост.

Съгласно на своя методологична постановка може да се очаква осъществяване на следните основни цели за защитата от техническо-технологична катастрофа:

- максимално усъвършенстване и използване на пространството от гледище на защитата в рамките на пространствените възможности;
- определяне на мерките на база на засилена организация на защитата и опазване на човешките живота и материалните добра от техническо-технологична катастрофа по определеното на планираното пространство;
- интегриране на отделните на натрегнатостта на планираната зона от защитата на жизнената среда.

Заради постигането на целите защита на дълбочина, материалните добра и подобряване и поширяване жизнената среда трябва при нужда да приемане на следните, предвидени мерки:

Първо ниво: на получена тази мерки като се приемане по отношение на опасни материали и инсталациите, заради отдалечаване на опасни материали по технологичните процеси и отбягване на технологична катастрофа.

Второ ниво: от отделената на сите мерки като трябва да обезпечават гарантираните на имотите и живота последица от пожар, експлозия или освобождаване на химикали, които може да се случи по отношение на възможни индустриални инциденти.

Трето ниво: включена мерки като се приемат за защита на жизнената среда по имотите на отделените на отделите от емисия на опасни материи, или последици от пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.
- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

Во процесот за проценка на влијанието на плановите, стратегиите и програмите врз животната средина и врз здравјето на луѓето (Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина-СОВЖС), покрај проценката на влијанијата се предвидуваат и мерки кои имаат за цел заштита на животната средина од сите можни влијанија и тоа уште во процесот на планирање и донесување одлуки за одредени стратегии, планови и програми, т.е. плански документи. Преку навремено спроведување на постапката за СОВЖС се обезбедува идентификување на потенцијалните позитивни и негативни влијанија од реализацијата на планскиот документ врз животната средина, а исто така се дефинираат и алтернативи и можни мерки за спречување, намалување и ублажување на негативните влијанија врз сите елементи на животната средина.

СОВЖС се подготвува во согласност со националната легислатива и одредбите од друга релевантна меѓународна легислатива, која е инкорпорирана во националната, во форма на законски и подзаконски акти и Конвенции, кои се ратификувани од страна на РСМ со посебни закони.

Целта на СОВЖС постапката е да се процени дали планскиот документ е во согласност со поставените цели за животна средина на национално и меѓународно ниво. Целите на стратегиската оцена на влијанието врз животната средина се прикажани преку статусот на: населението, социо-економски развој, човековото здравје, воздухот, климатските промени, водата, почвата, природното и културното наследство и материјалните добра.

Најдобро е процесот на стратегиска оцена на влијанието на планскиот документ да се одвива паралелно со развојот на планскиот документ, со цел навремено да се земат во предвид целите на животната средина при дефинирање на целите на самиот плански документ.

Постапката за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е ***Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС*** (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за

кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со поставување на површински соларни и фотоволтаични, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни белефицни, односно позитивни влијанија:

- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани во рамките на планскиот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.
- Со поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на поставување на планираните содржини. Влијанијата што ќе се јават во фаза на поставување (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација се процелуваат како малку значајни, имајќи го во предвид фактот дека површинските соларни и фотоволтаични електрани не создаваат емисии на штетни материи, не трошат горива и не создаваат бучава. Мерки за заштита од влијанија врз животната средина се наведени во секторската област: заштита на животната средина.
- Поради потребата од изолемена површина на земјиште за површински соларни и фотоволтаични електрани, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Низ локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (**фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште**) во КО Црник и КО Нетрево, Општина Пехчево, минува постојниот 110kV далновод Берово-Делчево. При изработка на документацијата треба да се почитуваат позитивните закони и правилници,

кои се наведени во секторската област: Енергетика и енергетска инфраструктура.

- Предметниот опфат нема конфликт со останатите планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Во експлоатациониот период не се очекува значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини со намена површински соларни и фотоволтаични електрани не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.
- На просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евентуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани, (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) КО Црник и КО Негрево, Општина Пехчево, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- мрежата на инфраструктура;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и лично проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за и изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Дополната на Условите за планирање на просторот е наменета за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) на дел од КП 3366, КП 2845/1, КП 2845/2, КО Црник и дел од КП 2577, КП 274/1, КП 274/2 и КП 274/3, КО Петрево, Општина Пехчево. Планираната моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е над 10 MW. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 100,49 ha. Површината за која што се издаваат условите за планирање на просторот е 1,46 ha.

Дополната се изработува заради проширување на границата на планскиот опфат на издадените Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електртани на дел од КП 2845/1 во КО Црник и дел од КП 274/1, КО Петрево, Општина Пехчево со тех.бр. Y06023.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени по согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата за предметниот простор, треба да се имаат предвид следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план:

Економски основи на просторниот развој

- Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).
- Една од планските определби утврдени со Просторниот план на Република Македонија е рационално користење на земјиштето заради што е неопходно пред започнување на сите активностида се утврди економската и општествена оправданост за зафаќање на предложената површина на проектниот опфат.

Заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Државата е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Источен реон со 8 микрореони.
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Просторот на кој се предвидува поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани се наоѓа во ВП „Горна Брегалница" кое се одликува со голем воден потенцијал. Расположливите водни количини изразени преку просторната дистрибуција на површинското истекување односно преку специфичното истекување кај мерниот профил „Берово" изнесува 11,8 л/сек/км^2. Поставувањето на електрани каде преку користење на сончевата енергија како обновлив ресурс, (како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал со кој располага ова ВП) ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко и одржливо искористување на природните ресурси.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Низ локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, минува постојниот 110kV далновод Берово-Делчево заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: "Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).**
- Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани и си подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Иницијативата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, ќе овозможи поефикасно снабдување на населбите со**

електрична енергија, што е особено значајно за оние кои немаат соодлетно, односно квалитетно снабдување. Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Домување

- Иницијативата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Републиката, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот.

Јавни функции

- Локацијата за поставување на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) во КО Црник и КО Петрево, Општина Пехчево, е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

„Не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиштето под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производство, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на лужето и имотот“.

„Сопственикот, односно корисникот на земјиштето е должен да дозволи привремен премин преку тоа земјиште за вршење премер, снимање, проектирање и изведување на работи на одржување и реконструкција на енергетски објекти, како и за вршење на инспекциски надзор на објектите кои се поставени на тоа земјиште“.

Со оваа урбанистичка документација е предвидена изградба на комунална супраструктура Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури.

Според површината на планскиот опфат од 99,03 ха и процентот на изграденост на истата од 96,3%, на истата може да се изгради фотонапонска централа со моќност од над 10 MW.

Можностите на локацијата се инверторите да бидат приклучени на средонапонските дистрибутивни трафостаници распоредени во локацијата. Овие трафостаници преку средниот напон кабелски ќе се приклучат во постројката од централната трафостаница над 35 kV.

Надлежноста на операторот МЕПСО е формирање на концептот на оваа цетрална трафостаница. Линијата на разграничување по однос на слободата на понатамошно конципирање се клемите од раставувачите на 110 kV.

Согласно претходно изнесеното истото се однесува и во однос на испораката на опремата и монтажа на истата.

6.5. ТЕЛЕКОМУНИКАЦИОНИ ИНСТАЛАЦИИ

Македонски телекомуникации АД Скопје за своите корисници обезбедува широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациски услуги, јавни говорници.

Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Корисниците од ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај сеуште не се приклучени преку телефонската централа во Скопје.

Мобилна телефонија - Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т-Мобиле и А1. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

*Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:

- региони, општини, населени места,
- сообраќајна и транспортна инфраструктура
- изготвување на проекти за развој на ГСМ мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион е покриен со сигнал на трите компании за мобилна телефонија во РМ. За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе според принципот стан - телефон и за јавните функции бројот на телефонски приклучоци треба да се врши според нивната големина, бројот на вработени, нивната функција и слични критериуми.

Во планскиот опфат нема изведена телефонска мрежа.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телеком АД Скопје. Планираните телекомуникацииски инсталации се прикажани на шематско ниво. Истите по правило при реализација се водат во делови од тротоарот. За потребите на телекомуникациските системи може да се поставуваат и разводни ормани кои можат да бидат поставувани во пешачките делови на јавните коридори.

6.6. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Со оглед на планираната намена не се предвидува испуштање на отпадни води од предметниот опфат.

Доколку се појави потреба од прифаќање на отпадни води водовите кои не се дефинирани ќе се предвидат и реализираат преку проект за инфраструктура.

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека предметниот локалитет нема изведена водоводна мрежа.

Согласно со важечките прописи за заштита од пожар потребно е да се одреди потребна количина на вода за противпожарна заштита и тоа:

За потребната количина на вода одговара водоводен приклучок со цевка Ø150mm со следниве карактеристики : брзина на водата V = 1,5 (m/sec) и хидраулички загуби од J=0,018 m/m’.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

По однос на канализација со оглед на планираната намена не се предвидува испуштање на отпадни води од предметниот опфат.

7. Мерки за заштита

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Во комплексот на мерките од превентивен карактер, предвидени се мерки за заштита и спасување, во согласност со Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите за изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Сл. весник на РМ бр. 105/05).

7.1 Мерки за заштита на животната средина

Заштитата на животната средина е регулирана со Законот за заштитата на животната средина (Сл. весник на РМ бр. 89/22).

Просторот што го зафаќа планот е со површина од 100,49 ха и е планиран со следниве намени:

Група на класа на намена: Е – Инфраструктури
Класа на намена: Е1 – Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Поединечна намена:
Е1.1- сообраќајни, линиски и други инфраструктури
Е1.8-водови за пренос на електрична енергија
Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Основни загадувачи на воздухот претставуваат моторниот сообраќај и загадувањето предизвикано од начинот на загревање на објектите. Имајќи ја оваа состојба предвид, може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени смерници и мерки за заштита на истите:

- Аерозагадување и мерки за заштита
- Загадување на почвата и подземните води и мерки за заштита
- Извори на бучава и мерки за заштита

А. Аерозагадување и мерки за заштита

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се оформи (каде што е можно) заштитно зеленило во простори со различен степен на чистота на работната средина, кои имаат значење од аспект на подобрување на микроклиматските влијанија.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила);
- примена на соодветни техничко - технолошки мерки;
- обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- подигање и оформување (секаде каде што има услови) на заштитни зелени појаси покрај сообраќајница;

уредување на зелени површини во рамките на градежната парцела и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленило во и надвор од планскиот опфат.

Б. Загадување на почвата и подземните води и мерки за заштита

Заштитата на **водите** се регулира со комплекс законски прописи, а во овој плански документ соодветно место треба да најдат следните поставки:

- заштита на проточните и подземните води со обезбедување на соодветни техничко-технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадните води, пречистителни станици и сл.);
- доследно почитување на прописите кои се однесуваат на големината и одржувањето на санитарно - заштитните зони;
- неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот;
- континуирано следење на квалитетот на водите.

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи за заштита на проточните и подземните води – Закон за водите (Сл.Весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15). Со цел за остварување на поставката за планско и рационално користење на водите, се предлагаат мерки за обезбедување на нивниот квалитет меѓу кои: техничко-технолошки мерки, изградба на целосна канализациона мрежа, редовна контрола на состојбите на водата и нејзиниот квалитет и тн.

Со оглед дека сите објекти се приклучени на канализационен систем загадувањето на почвата е во дозволени граници.

По однос на канализација се планира да се надгради постојната канализациона мрежа на која се планира да се приклучат сите објекти и заради тоа загадувањето на почвата би било во дозволени граници.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

Со цел да се сочува фондот на изворишта на вода, сите отпадни води треба до потребен степен да се прочистат. За градежните парцели со намена Г2-лесна индустрија доколку се јави потреба заради технолошкиот процес кој ќе се одвива во градежната парцела, отпадните води пред нивно испуштање во крајниот реципиент (градската канализациона мрежа на Град Дебар) ќе се преработуваат во прочистителна станица која е предвидена да се постави во склоп на градежната парцела.

Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода.

Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенцијата на човекот.

В. Извори на бучава и мерки за заштита

При планирањето на објектите, потребно е да се предвивуваат технологии и техники кои ќе допринесуваат за редукција на загадувањето со бучава и доведување на истото во законски дозволените граници.

На локалитетот, сите содржини кои се планираат мораат да бидат во согласност со пропишаните мерки согласно Законот за спречување на бучава (Сл. весник на РМ бр. 79/07, 163/13,).

Г. Третман на отпад

Законот за управување со отпадот (Сл. весник на РМ бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16 и 63/16) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.

Во рамките на планскиот опфат, имајќи ја во предвид планираната намена, содржини и дејности кои ќе се одвиваат во планираните градби, потребно е обезбедување на услови за соодветно собирање, чување, предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад.

7.2 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18), Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

1.Изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита испасување од проценетите опасности;

2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување воредовното планирање и работа;

3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;

4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и

5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни заизвршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1.при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и

3. при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1.изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;

2. регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи;

3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;

4. обезбедување на противпожарни пречки;

5.изградба на објекти за заштита и

6. изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- Засолнување;

- Заштита и спасување од поплави;

- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;

- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства; - Заштита и спасување од урнатини;

- Заштита и спасување од техничко технолошки несреќи и

- Спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација;

- Згрижување на загрозеното и настраданото население;

- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;

- Прва медицинска помош;

- Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло; - Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и - Асанација на теренот.

Претходните услови за заштита и спасување се комплетно вградени во Урбанистичкиот план и се дадени во понатамошниот текст.

7.2.1 Мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

При изработката на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е-1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (над 10 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево се предвидуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување – пречистен текст (Сл. весник на Рм. бр. 93/2012), Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примената на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите, а оперативни мерки се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозиии опасни материи.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни
материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Оваа одредба ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица. За објектите за кои не се изработува елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи се применуваат важечки мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Во објекти и простори в о к ои ш то с е п роизведуваат, преработуваат, користат и складираат опасни материи, ако природата на работата не е поврзана со таква потреба, се забранува употреба на отворен оган, светилки со пламен и средства за палење, користење на грејни уреди со отворен оган, вжарена и прекумерно загреана површина, складирање на материи со опасност од самозапалување, користење уреди и инсталации кои можат да предизвикаат пожари и експлозии, движење и престој на неповикани лица и употреба на алат кој создава искри.

Запалливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6 метри од објектот, на мансардите во згради, столбишта, ходници и други комуникации. Отпадните и други запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.

Физичките лица при употреба на уреди, средства и отворен оган, се должни истите да ги користат на начин да не ја загрозуваат околината и да не предизвикаат пожари или експлозии.

Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Уредите, инсталациите опремата и средствата, за ППЗ заштита задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја поединечна градба.

Со цел за поефикасна заштита задолжително е предвидување на современа громобранска инсталација на сите поголеми градби со цел да нема појави на зголемено пожарно оптоварување и нејзино континуирано одржување.

Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

-брз и непречен пристап до градбите на ПП возила и другата ПП опрема во комплексот како би се овозможило кружно движење на истите;

-непосреден пристап на ПП возила и другата ПП опрема во ГП и до секој објект во неа, најмалку од две страни;

Обезбедување на пропусна моќ и сообраќаен профил на сите улици со мин. ш=5,5м, потребен радиус на кривина и носивост на коловозот од 10,0т осовински притисок, за да може да се движат ПП возилата и останатата ПП опрема до секоја ГП во планскиот опфат, а преминот преку ивичњаците да биде преку закосени рампи со сооднос 1/12 (8%) на дел од улиците каде се пристапува до ГП.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а широчината на коловозот на пристапниот пат, за еднонасочен сообраќај и движење на противпожарните возила се проектира така да не биде помала од 3,5 метри, односно 5,5 метри за двонасочен сообраќај, со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, над-возници и други отвори, минималните димензии на светлиот отвор на проодот се: 3,5 метри широчина и 4,5 метри височина.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, над-возници и други отвори кои се наоѓаат во кривина, ми-нималните димензии на светлиот отвор на проодот се: четири метри широчина и 4,5 метри висина.

Пристапниот пат да е во иста височина со коловозот од сите видови улици проектирани и изведени согласно законски прописи за лесен пристап на противпожарните возила до објектите – градбите, а коловозната конструкција на пристапот да се димензионира на осовински притисок од најмалку осум тони.

Сообраќајниот систем во локалитетот се состои од улици кои овозможуваат лесен пристап на пожарните возила до објектите.

При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Согласно член 76 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на Р.Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), Јавното претпријатие што стопанисува со водоводната мрежа во Општина Пехчев е должно да изработи основни решенија на улична хидратанска мрежа во сите делови на градот така и во планскиот опфат која е предмет на планската документација.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

7.2.2 Заштита и спасување од урнатини

Согласно Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл.Весник на РМ бр.100/10), се уредува организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите истата се применува на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејствија кои предизвикуваат урнатини и тоа од природни непогоди, технички катастрофи, воени дејствија.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со проектирање и изградба на објекти оптимално отпорни на сеизмички влијанија согласно сеизмолошката зона во која се наоѓа конкретниот плански опфат во општина Дебар, а според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 8^0 по МЦС скалата, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

При планирањето не се создадени тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини, а воедно предвидени се асеизмични градби, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

-брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците);

-брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;

-непречена интервенција во кругот на катастрофата, штетите да се сведат на минимум, брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на објектите, како составен дел на Основниот проект. Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот.

7.2.3 Мерки за заштита од техничко технолошки несреќи

Заштитата и спасувањето о техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и отстранување на предизвиканите последици. Со оглед на намената на просторот, нема можности за техничко технолошки катастрофи.

Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки. Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации. Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат важно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето на гас или вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум. Истите мора да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

7.2.4 Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радилошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радилошко, хемиско и билошко оружје, превземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив.

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и

последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и превземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуаат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средсва, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Со уредбата за спроведување на мерката за радилошка, хемиска и биолошка заштита (Сл. Весник на РМ бр. 91/10) се уредува спроведувањето на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

Радилошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радилошки, хемиски и биолошки агенси и превземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Мерката се спроведува согласно Уредбата за спроведување на мерката радилошка, хемиска и билошка заштита (Сл.в. на РМ, бр.91/10)

7.2.5 Мерки за заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Организација и спроведувањето на заштитата од поплави е дадено во Уредба за спроведување на заштита и спасување од поплави (Сл. в. на РМ бр 91/10).

7.2.6 Мерки за заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од IX степени МСЗ потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

7.2.7 Мерки за справување со климатските промени

Потребно е да се превземат итни мерки за борба против климатските промени и нивното влијание, односно:

- Да се зајакне отпорноста и капацитетот за приспособување кон опасности поврзани со климата и со природните катастрофи во сите земји;
- Да се интегрираат мерки за климатски промени во националните политики, стратегии и планови;
- Да се подобри образованието, да се подигне свеста и човечките и институционалните капацитети за ублажување на климатските промени, за адаптација, за намалување на влијанието и рано предупредување;
- Да се спроведе обврската преземена од страна на развиените земји потписнички на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени со цел да се одговори на потребите на земјите во развој, во смисла на преземање значителни активности за ублажување и транспарентност во спроведувањето, и потполно и што е можно поскоро операционализирање на Климатскиот зелен фонд преку негова капитализација;
- Да се промовираат механизми за зголемување на капацитетите за ефикасно планирање и управување со климатските промени во најнеразвиените земји и во малите островски земји во развој, меѓу другото и преку фокусирање врз жените, младите и локалните и маргинализираните заедници

7.2.8 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на експлодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

7.2.9 Мерки за заштита од воени разузнавања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

7.2.10 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

Со оглед на конфигурацијата на теренот кој е релативно рамен не постои можност за свлекување на земјиштето.

7.2.11 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на експлодираните убојни средства,

обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување.

7.2.12 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на РМ, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

7.2.13 Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. РМ и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење. Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

7.2.14 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето–заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

7.2.15 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прваветеринарна помош на повреден, заболени контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

7.2.16 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

7.2.17 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и починати лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

7.3 МЕРКИ ЗА ОДРЖЛИВА МОБИЛНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

Изработката, донесувањето и спроведувањето на урбанистичките планови цели кон надминување на урбаните бариери и обезбедување на функционална пристапност и подвижност на земјиштето за општа употреба, јавните простори, до и во градбите за сите граѓани, а особено за лицата со инвалидитет и лицата со намалена подвижност, а тоа подразбира утврдување на мерки и плански одредби.

Мерките за пристапност и проодност во рамки на овој урбанистички план се однесуваат на сите јавни сообраќајни и други пешачки површини на земјиште за општа употреба.

Површините за движење на пешаците на земјиште за општа употреба, освен ако тоа е неизбежно заради околностите на теренот, не треба да имаат денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што може да ја попречи или намали пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна употреба.

При спроведување на урбанистичкиот план, задолжително се предвидува превладување и отстранување на сите постојни денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што ја попречуваат или намалуваат пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до сите видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба.

Во процесот на спроведување на урбанистички планови не може да се поставува масивна урбана опрема, сезонска угостителска опрема, какви било прегради, конструкции, платформи, надградени денивелирани подови, скали, конструкции за наткриени тераси од угостителски намени, паркинг места или други опреми, инсталации, предмети или градби што ќе претставуваат архитектонски и урбани бариери за движење на лицата со инвалидност и намалена подвижност и што ќе го стеснуваат пропишаниот слободен профил за движење на тротоарот.

Површините за движење на пешаците каде што теренот е во наклон треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со пожелен подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи со подолжен наклон најмногу до 8,33% или во однос 1:12. Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со најголем подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи до 8,33% или во однос 1:12.

Рампата се димензионира за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65 м, а оптималната широчина треба да е 1,80 м. Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:

- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9,00м,
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12,00м, и
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максимална должина на рампата е 15,00м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50м, а оптимална должина треба да е 1,80м.

Најголем попречен наклон на тротоарите и другите пешачи патеки што е нормален на смерот на движењето и оската на патеката изнесува 2%.

При спроведувањето на урбанистичките планови треба да се предвидуваат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот. Рампите за совладување на висинската разлика помеѓу тротоарот и коловозот по правило се изведуваат со специјални закосени елементи од рабниците кои се изведуваат без вертикална денивелација до нивото на коловозот и во широчина на целиот пешачки премин. Најголемиот наклон на рампата од став (1) на овој член е е 8,33% или во однос 1:12, а доколку е тоа технички неизведливо по исклучок наклонот може да е најмногу до 10% или во однос 1:10.

Поради обезбедување на непречено движење на лицата со инвалидитет и на лицата со намалена подвижност по јавните тротоари од уличната мрежа најмалата пожелна широчина на тротоарите и пешачките патеки треба да биде: 2.40 м (90см + 75см + 25см + 50см), која се добива со додавање на просторни модули за исполнување на минималниот услов за разминување на лице во инвалидска количка – 90 см, пешак – 75 см, заштитен простор до ограда или зграда – 25 см и заштитен појас до коловоз – 50 см. Во исклучителни случаи кога пешачката патека не граничи со коловоз и/или нема појас за урбана опрема, најмалата широчина на патеката може да биде 1,90 м (90см + 75см + 25см).

Апсолутен минимум на широчина на пешачка патека кој е дозволен само за патеки што се од двете страни опкружени со трева или друга слободна површина, и немаат никаква урбана опрема, е 1,65 см (90 см + 75 см).

Во коридорот на основните пешачки движења (кој за најмалата широчина на тротоар или пешачка патека изнесува 90см + 75см = 165 см) не можат да се поставуваат елементи од урбана опрема или други подвижни препреки или сезонска опрема, како што се рекламни панои, угостителска опрема и слично.

При спроведувањето на урбанистичкиот план задолжително се предвидуваат специјално димензионирани и обележани паркинг места за возила што ги користат лицата со инвалидност и намалена подвижност. Местата за паркирање да ги исполнат следните услови:

- најмалата дозволена димензија на местото да е 3,70/5,00 м,
- доколку паркиралиштето не е изведено во исто ниво со тротоарот или со пристапната пешачка патека до него, тогаш излезот од паркиралиштето се обезбедува со пешачка патека или рампа со наклон не поголем од 5%, а во исклучителни случаи со максимален наклон до 8,33% и минимална широчина од 1,40 м,

- паркинг местата се поставуваат најблиску до влезовите на блиските градби или до вертикалните комуникации,

- паркинг местото мора секогаш да биде планирано, проектирано и изведено во хоризонтална нивелета, а никогаш во правецот на подолжниот нагиб,

- паркинг местото може да има попречен нагиб од најмногу 2%.

Бројот на местата за паркирање се планираат според следните стандарди:

- за јавни гаражи, јавни паркиралишта, градби за јавна употреба и станбени и станбено-деловни згради со десет и повеќе станови – најмалку 3% од вкупниот број места за паркирање, но не помалку од едно паркинг место,

- на јавни паркиралишта со помалку од 20 места што се наоѓаат блиску до амбуланта, апотека, основно училиште, детска градинка, продавница за прехранбени производи и слично, најмалку едно паркинг место,

- на паркиралиштата на бензинските пумпи, ресторани и мотели покрај магистралните и регионалните патишта 3% од вкупниот број места за паркирање,

- на паркиралиштата на болниците, здравствените домови, домовите за стари и други здравствени и социјални установи, најмалку 5% од вкупниот број места за паркирање, но не помалку од две места.

Задолжително да се почитуваат одредбите од делот 13. Стандарди за мобилност и пристапност (член 188, 189, 190, 191, 192, 193, 194, 195 и 196) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

7.4 Мерки за заштита на културното наследство

Во рамките на планскиот опфат на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е-1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (над 10 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево не се регистрирани објекти кои подлежат на режим на заштита како градби од културно-историско значење. Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

8. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

8.1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градби кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план

8.1.1 Општите и Посебните услови, текстуалниот дел, графичките прилози и табелите се составен дел на Планската документација на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е-1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (над 10 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево и имаат правно дејство само врз градителска активност која ќе следи по стапување во сила на урбанистичкиот план.

8.1.2 Општите услови на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е-1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (над 10 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

8.1.3 Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат во рамките на утврдената граница на планскиот опфат на УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е-1.13 ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (над 10 MW) во КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево, чии граници се опишани во Планската документација на урбанистичкиот план, а посебните услови се однесуваат на секоја градежна парцела поединечно.

8.1.4 Податоците кои се евидентирани на ажурираната геодетска подлога во Документационата основа на урбанистички план, се третираат како постојна состојба.

8.1.5 Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење се спроведува директно со проектна документација и издавање на акт за градење или со урбанистички проект доколку има потреба од истиот.

8.1.6 Изградбата на нови градби, како и изградбата на планирани сообраќајници и комунална инфраструктура и супраструктура ќе се изведува според важечката законска и подзаконска регулатива, одобрената техничка документација како и важечките технички прописи во урбанизмот и градежништвото.

8.1.7 Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и посебните услови за изградба, прикажани се следните податоци за градежната парцела:

* број на градежна парцела;
*површина на градежна парцела (m^2);
*површина за градење(m^2);
*процент на изграденост(%);
*вкупна развиена површина по катови (m^2);
* коефициент на искористеност на земјиштето (k);
*основна класа на намена на земјиштето и градбите;
* компатибилни класни на намени;

* максимален дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена (%);
* максимален број на катови;
* максимална дозволена висина на венец;

Со планот се одредени следните услови:
*облик и големина на градежна парцела (м²);
*градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради;
* површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м²);
* процент на изграденост (%);
* вкупна површина по катови (м²);
* коефициент на искористеност (к);
* намена на објектот;
* мах.висина на објектот од нултa кота (м');
* мах.број на катови;
* врста на кров;
* насоки за архитектонско обликување;
* паркирање-гаражирање на возилата.

8.1.8 Со планската документација се одредени и следните услови:
* облик и големина на градежна парцела (m²);
* површина за градба со градежни линии кои го дефинираат просторот во кој може да се гради една или повеќе градби - комплекс од градби (m²);
* заштитни коридори на инфраструктурни водови - простор во кој не може да се гради.

